РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Су бр. 6/10/19
20.02.19 год.
КОЧАНИ

# ИЗВЕШТАЈ
# ЗА РАБОТА НА ОСНОВЕН СУД КОЧАНИ
# ЗА 2018 ГОДИНА

## I. ВОВЕД

Основниот суд во Кочани согласно чл.28 и 31 од Законот за судовите („Сл.весник на РМ„ бр.58/06 од 11.5.2006 г.) е во групата на судови со проширена надлежност и со својата надлежност покрај надлежноста што ја покрива како Основен суд-Кочани, покрива и дел од надлежноста од територијата на Основните судови Берово, Делчево и Виница, определена според цитираните членови.

### 1. ИЗВЕШТАЈ ЗА СТАТИСТИКА НА ПРЕДМЕТИ

### I. ОБЕМ НА РАБОТА

Целокупното работење на Основниот суд во Кочани во 2018 г. е прикажано во сумарниот и поединечниот преглед од Годишниот табеларен извештај.

Општиот коментар на сумарниот преглед на движење на предметите би бил дека Основиот суд Кочани во 2018 год. работел ажурно затоа што кај поголем дел по видови на предмети успеал да го совлада приливот на предметите и да го намали заостатокот.

Од сумарниот преглед произлегува дека во почетокот на 2018 г. во Основниот суд во Кочани биле вкупно нерешени **1396** предмети, примени се вкупно **12144** предмети,погрешно заведени биле **2** предмети, во текот на годината вкупно во работа биле **13538** предмети, решени се **11686** предмет, останале нерешени **1852** предмети со што не е совладан приливот, а заостатокот е зголемен за **456** предмети.

Имајќи во предвид дека Основен суд Кочани е суд со проширена надлежност а во моментов постапуваат по предмети 6 судии и Претседателот на судот, а по систематизација се предвидени 10 судиски места заедно со Претседателот на судот сметам дека судот успешно се справил со приливот на предмети во 2018 година имајќи го во предвид бројот на судии кои постапуваат во судот.

**Зголемувањето на заостатокот од 456 предмети на крајот на годината е резултат на примените прекршочни предмети во месеците Ноември и Декември 2018 година и тоа вкупно последните два месеци 397 прекршочни предмети** кои реално не можеле да бидат сработени имајќи во предвид дека истите требало да бидат насрочени, а напоменувам и тоа дека тоа се предмети од МВР-ПС Кочани кои навреме во текот на годината не ни биле доставувани до судот на постапување

односно за дејствија од почетокот на 2018 година барањата за поведување на прекршочна постапка ни се доставени на крајот на годината со што судот во извештајот трпи заостаток на предмети кои реално немало можност да постапи по нив.

Доколку од МВР-ПС Кочани навреме ни биле доставувани барањата за поведување на прекршочна постапка како што биле сторени прекршоците судот по истите ќе постапувал и немало сега да се појави заостаток на прекршочни предмети.

**Во заостатокот на предмети влегува и несовладаниот прилив и кај оставинските предмети по кои постапуваат нотарите и тоа за 59 предмети** за кои е контактирано со нотарите и истите наведуваат дека имале проблеми со доставата и пронаоѓањето на наследниците па поради тоа не успеале да ги решат предметите односно ги решавале предметите со потешкотии.

Напоменувам дека **во Основен суд Кочани во 2018 година имаше голем прилив на ВПП предмети за надомест за експроприрани недвижности поради изградба на патот Штип Кочани како и брана Речани**, па имајќи ја во предвид целокупната состојба сметаме дека Основниот суд Кочани во 2018 година генерално со напори од судиите и вработените во судската служба успешно се справи со приливот на предмети.

## II. АЖУРНОСТ НА СУДОТ

Ажурноста претставува навремено и целосно постапување по предметите почитувајќи ги законските рокови, а при тоа секогаш имајќи го во предвид и Европското начело изразено преку судење во разумен рок.

Поединечниот преглед по области и предмети, а врз основа на сумарниот преглед на движење на предметите е следниот:

### *А. КРИВИЧЕН ОДДЕЛ*

#### *ВИД НА ПРЕДМЕТ:КРИВИЧНО ПОЛНОЛЕТНИ*

- Во 2018 г. вкупно биле примени 325 **кривично полнолетни** предмети, а биле решени 370 предмет или просечно месечно се решавани по 35,2 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 210 предмети, може да се заклучи дека во однос на претходната година не се совладан заостатокот за 45 предмети.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 2722 **разни кривични предмети**,а решение биле 2722 предмети или просечно месечно се решавани по 259,2 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останал нерешен 1 предмет,исто толку како и во претходната година, може да се заклучи дека судот во оваа област е ажурен.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 368 предмети за **кривичен совет(во претходна постапка) вон главен претрес**,а решени биле 360 предмети или просечно месечно се решавани по 34,3 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 49 предмети,

приливот не е совладан за 8 предмети во однос на заостатокот од претходната година.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 24 **замолници во кривична област**,а биле решени 23 предмети или просечно месечно се решавани по 2,2 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. нема нерешени предмети, може да се заклучи дека судот во оваа област е максимално ажурен.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ:КРИВИЧНИ МАЛОЛЕТНИ

- Во 2018 г. вкупно биле примени 25 **кривично малолетни предмети**, а биле решени 17 или просечно месечно се решавани по 1,6 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 26 предмети,а на почетокот на годината имало заостаток од 18 предмети,може да се заклучи дека судот во оваа област приливот не го совладал за 8 предмети.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 4 **разни кривични предмети за малолетници**, а биле решени 6 или просечно месечно се решавани по 0,6 предмети. Имајки во предвид дека 2018 г. е завршена со 2 предмети заостаток ,а на крајот на 2017 г. има заостаток од 4 предмети може да се заклучи дека судот во оваа област е апсолутно ажурен.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 5 **кривичен совет во претходна-подготвителна постапка за малолетници**, а биле решени 5 или просечно месечно се решавани по 0,04 предмети. Имајки во предвид дека 2018 г. е завршена без заостаток , може да се заклучи дека судот во оваа област е апсолутно ажурен.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ:ДЕЈСТВИЈА ВО ПРЕТХОДНА ПОСТАПКА

- Во 2018 г. вкупно биле примени 155 предмети **определени дејствија во претходна постапка-кривично**,а биле решени 154 или просечно месечно се решавани 14,7 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. има 2 нерешени предмети,еден предмет повеке од заостатокот на крајот на 2017 г., во оваа област судот покажал максимална ажурност.

## ВИД НА ПРЕДМЕТ:ОЦЕНА НА ОБВИНИТЕЛЕН АКТ

- Во 2018 г. вкупно биле примени 27 предмети од **оцена на обвинителен акт во кривично**,а биле решени 26 предмети или просечно месечно се решавани 2,5 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 4 предмети,1 предмет повеке од заостатокот на претходната година со што во оваа област судот покажал максимална ажурност.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ:ПРЕКРШОЦИ**

- Во 2018 г. вкупно биле примени 970 предмети од **прекршоци**, а биле решени 592 или просечно месечно се решавани по 56,4 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 730 предмети, приливот не е совладан во однос на минатата година за 378 предмети.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 495 **разни прекршочни предмети**,а биле решени 495 или просечно месечно се решавани по 47,1 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. нема нерешени предмети и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2018 г. вкупно би примен 2 предмети за **кривичен совет за прекршоци** и истиот бил решен 2 или просечно месечно се решавани по 0,2 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. нема нерешени предмети и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ:ИЗВРШУВАЊЕ(САНКЦИИ) ВО КРИВИЧНО**

- Во 2018 г. вкупно биле примени 1228 предмети од **извршување на санкции**, а биле решени 1316 или просечно месечно се решавани 125,3 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 271 предмет, приливот во однос на претходната година е совладан и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

***Б. ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ***

**ВИД НА ПРЕДМЕТ-ГРАГАНСКИ**

- Во 2018 г. вкупно биле примени 177 предмети од **спорови од мала вредност** а биле решени 155 или просечно месечно се решавани 14,8 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 77 предмети, приливот не е совладан во однос на претходната година за 22 предмети.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 42 предмет од **имотни спорови,** а биле решени 50 или просечно месечно се решавани 4,8 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 24 предмети, приливот е совладан во однос на претходната година и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 113 предмети од **семејни спорови** , а биле решени 105 или просечно месечно се решавани по 10 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 31 предмет, приливот не е совладан и е зголемен заостатокот за 8 предмети,може да се заклучи дека судот во оваа област е релативно ажурен.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 140 предмети од **работните спорови** а биле решени 146 или просечно месечно се решавани 13,9

предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 52 предмети, приливот е совладан во однос на претходната година и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 44 предмети од **облигациони спорови** а биле решени 39 или просечно месечно се решавани 3,7 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 26 предмети, приливот не е совладан во однос на претходната година за 5 предмети и во оваа област судот е релативно ажурен.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 42 предмети од **трговски спорови** а биле решени 27 или просечно месечно се решавани 2,6 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 15 предмети, приливот е совладан во однос на претходната година и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 122 предмети од **платни налози по приговор** биле решени 114 или просечно месечно се решавани 10,8 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 31 предмет, приливот не е совладан за 8 предмети.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 40 предмети од **стечај** а биле решени 41 или просечно месечно се решавани по 3,9 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 4 предмети, приливот е совладан во однос на претходната година за 1 предмет.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 6 предмети по **платен налог по жалби** и биле решени 5 или просечно месечно се решавани по 0,5 предмети,нема заостаток на нерешени предмети, со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 9 предмети од **повторување на постапката во парнично**,а биле решени 10 или просечно месечно се решавани по 0,9 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 2 предмети,заостатокот во однос на претходната година е совладан,со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ:ВОНПАРНИЧНИ**

- Во 2018 г. вкупно биле примени 5 предмет **физичка делба**,а биле решени 7 или просечно месечно се решавани по 0,7 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 5 предмети, приливот е совладан со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 336 **вонпарнични предмети**,а биле решени 209 или просечно месечно се решавани по 19,9 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 181 предмет, приливот не е совладан за 127 предмети.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 4 **замолници** и сите 4 предмети се решение со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 1872 **заверки**,а биле решени 1865 или просечно месечно се решавани по 177,6 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. останале нерешени 9 предмети,а заостатокот на крајот на претходната 2017 г. бил 2 предмети со што приливот не е совладан за 7 предмети со што и во оваа област судот покажал ажурност.

-- Во 2018 г. вкупно биле примени 1 **оставини по приговор**,и истиот бил решен или просечно месечно се решавани по 0,09 предмети, и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2018 г. вкупно бил примени 1 предмет од **разни вонпарнични предмети** и истиот е решен со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ:ИЗВРШУВАЊЕ**

- Во 2018 г. вкупно биле примени 71 предмети од **приговори против неправилности во извршувањето (ППНИ)** а биле решени 70 или просечно месечно се решавани 6,7 предмети. Имајќи во предвид дека на крајот на 2018 г. Има 1 нерешен предмет, приливот не е совладан за 1 предмет,со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

- Во 2018 г. вкупно биле примени 7 **издавање дозволи** и сите 7 предмети се решение со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ:ЕВИДЕНЦИИ ВО СУДСКА УПРАВА**

-Во 2018 г. вкупно биле примени 2541 **предмети од судска управа** и решени се 2539 предмети,не е совладан приловот за 2 предмети со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

-- Во 2018 г. вкупно бил примен 1 **предмет строго доверливи предмети во судска управа** и истиот не е решен.

**ВИД НА ПРЕДМЕТ:ПРЕСТАВКИ И ПОПЛАКИ**

-Во 2018 г. вкупно биле примени 17 **предмети од слободен пристап до информации** и сите 17 предмети се решение со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

-Во 2018 г. вкупно биле примени 11 **предмети од евиденција на преставки и поплаки** и сите 11 предмети се решение со што и во оваа област судот покажал максимална ажурност.

## III. КВАЛИТЕТ НА РАБОТАТА

Квалитетот на работата во Основен суд-Кочани е прикажан во годишните табели за квалитетот на решени предмети и годишни табели за квалитет на донесени пресуди.

## КРИВИЧНА ОБЛАСТ

Во текот на 2018 г. вратени од по жалба **кривични предмети спрема полнолетни лица** има 89 предмети од кои 50 се потврдени или 56,2 %,15 се преиначени или 28,1% и 24 се укинати или 27%

Во текот на 2018 година вратени од по жалба има вкупно 1 **кривични предмет спрема малолетници** од кои 1 предмет е потврден или 100%.

Во текот на 2018 година биле вратени од по жалба 27 предмети **за кривичен совет (во претходна постапка ) вон главен претрес** од кои 21 се потврдени или 77,8%,3 се преиначени или 11,1%,3 предмети се укинати или 11,1%.

Во текот на 2018 година вратени од по жалба има вкупно 1 предмет **оцена на обвинителен акт во кривично** и истиот е укинат или 100%.

Од **прекршочните предмети** во текот на 2018 година биле вратени од жалба вкупно 63 предмети со следниот квалитет:потврдени биле 32 предмети или 50,8%,5 предмети се преиначени или 7,9%,26 се укинати или 41,3%.

Вратен од по жалба има 1 предмет **разни кривични предмети за малолетници** и истиот е укинат или 100%.

## ГРАГАНСКА ОБЛАСТ

Во текот на 2018 година има 25 предмети од **имотни спорови** вратени од по жалба од кои 20 се потврдени или 80% и 5 предмети се укинати или 20%.

Во текот на 2018 година вратени од по жалба се 25 **облигациони спорови** од кои 18 се потврдени или 72%,2 се преиначени или 8% и 5 се укинати или 20%.

Вратени од по жалба во текот на 2018 година има 7 **семејни спорови** од кои 3 се потврдени или 42,8%,2 предмети се преиначени или 28,6% и 2 се укинати или 28,6% .

Во текот на 2018 година вратени од по жалба има 52 предмети **парнични мала вредност** од кои 40 се потврдени или 76,9%,4 се преиначени или 7,7% и 8 предмети се укинати или 15,4%.

Во текот на 2018 година биле вратени од по жалба 56 предмети од **работни спорови** од кои 48 се потврдени или 85,7% и 8 се укинати или 14,3%.

Во текот на 2018 година вратени од по жалба биле 9 предмети-**повторување на постапката во парнично** од кои 9 е потврден или 100%.

Во текот на 2018 година биле вратени од по жалба 55 предмети-**платни налози по приговор** од кои 50 се потврдени или 90,9%,2 предмети се преиначен или 3,6% и 3 се укинати или 5,4%.

Во текот на 2018 година бил вратени од по жалба 2 предмети **платен налог-жалби** од кои 1 е потврден или 50% и 1 е укинат или 50%.

Во текот на 2018 година биле вратени од по жалба 2 предмети-**стечаи** од кои 2 се потврдени или 100%.

Во текот на 2018 година има вратено од по жалба 36 предмети-**приговори против неправилности при извршувањето** од кои 31 се потврдени или 86,1% , 1 предмет е преиначен или 2,8% и 4 предмети се укинати или 11,1% .

Во текот на 2018 година има 3 предмети **физичка делба** кои се вратени од по жалба од кои 3 е потврден или 100%.

Во текот на 2018 година биле вратени од по жалба 23 **вонпарнични предмети** од кои 21 се потврдени или 91,3% и 2 е укинат или 8,7%.

Во текот на 2018 година биле вратени од по жалба 1-**разни вонпарнични предмети** и истиот е потврден или 100%.

Во текот на 2018 година има вратени од по жалба 32 предмети од **трговски спорови** од кои 16 се потврдени или 50%,1 е преиначен или 3,1% и 15 предмети се укинати или 46,9%.

Во текот на 2018 година бил вратени од по жалба 1 **предмет од судска управа** и истиот е отфрелн или 100%.

## 2. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Во Основен суд Кочани заклучно со 31.12.2018 година има вработено вкупно 43 судски службеници согласно Законот за судска служба , 4 вработени по Законот за работни односи и 7 судии или вкупно 54 вработени.

И судиите и судската администрација имаат посетувано обуки организирани од Академијата за судии и јавни обвинители. Така што ги имаат исполнето потребните часови на задолжителна обука која треба во текот на годината да се реализира преку Академијата за судии и јавни обвинители.

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА УСОГЛАСУВАЊЕ НА СУДСКА ПРАКСА

Од страна на граѓанскиот и кривичниот оддел на Основен суд Кочани се одржувани состаноци во врска со поставување на правни прашања до Апелационен суд Штип.

Заради усогласување на судската пракса и да не дојде до укинување на предмети од исти причини кај различни судии поради повреда на материјалното и процесното право, по сите предмети по кои повисоките судови имаат донесено одлуки со кои се укинува или преиначува првостепената одлука, на мрежата на судот сите овие одлуки беа скенирани и до нив имаа пристап сите судии за да можат да имаат

увид во истите и во иднина да не се прават повреди на материјалното и процесното право.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ

1.Службено лице задолжено за посредување на информации кај имателот на информации-Основен суд Кочани е Катерина Фудулски, стручен соработник во Основен суд Кочани.

2.Број на поднесени барања - 17 :

1.Барател: Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија – податок: Број на поднесени кривични пријави по следните членови од КЗ:1.Член 179 од КЗ-Излагање на подбив на македонскиот народ и припадниците на заедниците;2.Член 319 од КЗ-Предизвикување на национална, расна и верска омраза, раздор и нетрпеливост;3.Член 394-г од КЗ-Ширење на расистички и ксенофобичен материјал по пат на компјуtерски систем;4.Член 407 а-Одобрување или оправдување на геноцид, злосторства против човечноста или воени злосторства5.Член 417 од КЗ-Расна и друга дискриминација. За сите постапки кои се водат против определени лица за наводно сторено кривично дело од горенаведените членови се бара информација за вкупниот број на поднесени кривични пријави односно бројот на предметите по кој е постапено во периодот од 01.01.2017 година до 31.12.2017 година.Дополнително се бара информација за сите правосилни и неправосилни одлуки во кои при одмерување на казната судот го земал во предвид член 39 став 5 од КЗ, односно земал во предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради негово или нивно национално убедување или социјално потекло, политичко или верско убедување, имотната општествена положба, полот, расата или бојата на кожата

2.Барател: Физичко лице – податок: тоа1.Број на пресуди донесени во 2017 година каде е изречена глоба и/или прекршочна санкција „протерување странец од земјата-Република Македонија„ поради прекршување на законот за гранична контрола (чл.9) откако странецот нерегуларно влегол на територијата на државата.2.Број на пресуди донесени во 2017 година поделени по државјанство кое го поседувал странецот осуден за нерегуларно влегување на територијата на Република Македонија.

3.Барател: Физичко лице - податок: Колку вкупно пресуди се донесени врз основа на Законот за спречување и заштита од дискриминација(Сл.весник на РМ бр.50/2010 од 13.04.2010 година во периодот од 01.01.2011-01.11.2017 година.-Колку правосилни пресуди се донесени врз основа на законот за спречување и заштита од дискриминација(Сл.весник на РМ бр.50/2010 од 13.04.2010 година) во период од 01.01.2011-01.11.2017 година.

4.Барател: Физичко лице - податок: статистички податоци за предмети за кривично дело Полов напад врз дете под 14 години, чл.188 од КЗ, во временски период од 01.01.2014 до 31.12.2017 година за полнолетни и

малолетни сторители на кривичното дело со датум, број на предмет, одлука и вид на казна(казна затвор, парична казна, безбедносна мерка и др.)

5.Барател: Физичко лице - податок: I 1)Број на заведени предмети за развод на брак, по години, за периодот 2013-2017 година и колку од тие предмети се заведени по тужба од една странка, а колку се со предлог за спогодбен развод,2)Број на решени предмети за развод на брак, по години, за периодот 2013-2017 година,3)Број на предмети во кои со пресудата за развод на брак е досудена издршка на малолетни деца или деца над кои е продолжено родителското право, по години за периодот 2013-2017 година,4)Број на предмети во кои се пресудата за развод на брак е досудена издршка на необезбеден брачен другар по години за периодот 2013-2017 година,5)Број на предмети по поднесена противтужба за развод(чл.233 од ЗС) и II 1)Колку вкупно предмети се заведени за изрекување времени мерки за заштита од семејно насилство, по години, во периодот 2013-2017 година.2)Кој е подносител на барањето во тие предмети (ЦСР,МВР,жртвата),3)Од кој пол е жртвата/жртвите и во колку предмети жртви се деца,4)Во колку предмети се изречени времени мерки и какви 5)Колкаво е времетраењето на постапките 6)Колкаво е времетраењето на изречените мерки

6.Барател: Институт за правни и полити;ки истражувања-Скопје - податок: 1.Една кривична постапка заведена под број К.бр.278/17 за Кривично дело „Поткуп при избори и гласање„чл.162 ст.3 в.в.ст.1 од КЗ, поднесено на ден 01.12.2017 година, казнен налог, изречена е пресуда на 18.12.2017 година и обвинетиот е казнет со парична казна во износ од 12.300,00 денари, истата е правосилна на ден 28.12.2017 година.

7.Барател: Физичко лице - податок: 1)Број на заведени предмети против деца по години во период од 2013-2017 година.2)Вкупно изречени кривични санкции кон деца и видови на изречени санкции по години во период од 2013-2017 година.3)Број на предмети во кои се изречени воспитни мерки и видови на воспитни мерки изречени спрема деца пооделно по години за период од 2013-2017 година.4)Број на предмети во кои се изречени алтернативни мерки и видови на алтернативни мерки изречени спрема деца пооделно по години за период од 2013-2017 година.5)Број на предмети во кои се изречени мерки на безбедност и видови на мерки на безбедност изречени спрема деца пооделно по години за период од 2013-2017 година.6)Број на предмети во кои се изречени казни и видови на казни изречени спрема деца пооделно по години за период од 2013-2017 година.

8.Барател: Физичко лице - податок: Кои (листа на имиња и презимиња) и колку адвокати по службена должност се ангажирани во судот од 2008 година до 2017 за секоја година поединечно? Кои (листа на имиња и презимиња) и колку адвокати по службена должност се ангажирани по членот 75, односно за одбрана на сиромашни, од 2008 година до 2017 за секоја година поединечно? За колку предмети биле ангажирани адвокати по службена должност (број на предмети за кои бил ангажиран секој адвокат поединечно) од 2008 година до 2017 за секоја година поединечно?Колкав е надоместокот за ангажманот на адвокатите по предмет (листа на исплати по адвокат) од 2008 година до 2017 за секоја година поединечно? Вкупна сума исплатени пари на адвокатите по службена должност од 2008 година до 2017 за секоја година поединечно.По кои критериуми Претседателот на судот им ги доделува предметите на адвокатите ангажирани по службена должност?Дали се мери успешност на адвокатите ангажирани по службена должност?

9.Барател: Физичко лице - податок: -1.Број на парнични предмети во кое/и замешувач стапил во парница, во текот на целата постапка се до правосилноста на одлуката за тужбеното барање, согласно чл.194 од ЗПП сметано од денот на влегување во сила на Законот за парнична постапка(Сл.весник на РМ бр.7 од 20.01.2011 година) до 31.12.2017 година.2. Број на парнични предмети во кое/и замешувач стапил во парница на страната на тужителот, односно во кои замешувач стапил во парница на страната на тужениот, сметано од денот на влегување во сила на Законот за парнична постапка(Сл.весник на РМ бр.7 од 20.01.2011 година) до 31.12.2017 година.3. Број на парнични предмети во кое/и со правосилно решение е одбиено учевството на замешувачот, согласно чл.195 од ЗПП, сметано од денот на влегување во сила на Законот за парнична постапка(Сл.весник на РМ бр.7 од 20.01.2011 година) до 31.12.2017 година.4. Број на парнични предмети во кое/и замешувачот поднел вонреден правен лек, согласно чл.196 од ЗПП и во колку предмети со одлука на Врховниот суд на РМ, таквите вонредни правни лекови биле уважени, одбиени или отфрлени, сметано од денот на влегување во сила на Законот за парнична постапка(Сл.весник на РМ бр.7 од 20.01.2011 година) до 31.12.2017 година.5. Број на парнични предмети во кое/и тужен како држател на некој предмет или корисник на некое право повикал пред судот трето лице(претходник) наместо него да стапи како странка во парницата, согласно чл.198 од ЗПП, сметано од денот на влегување во сила на Законот за парнична постапка(Сл.весник на РМ бр.7 од 20.01.2011 година) до 31.12.2017 година.
6. Број на парнични предмети во кое/и тужителот или тужениот се додека парницата не е довршена правосилно, го известил некое трето лице за започнатата парница, согласно чл.199 од ЗПП, сметано од денот на влегување во сила на Законот за парнична постапка(Сл.весник на РМ бр.7 од 20.01.2011 година) до 31.12.2017 година.

10. Барател: Хелсиншки комитет за човекови права на Република Македонија - податок: -Бројот на примени тужби за заштита од дискриминација, расчленето по облик, основ и област каде е сторена дискриминацијата?- Бројот на првостепени одлуки со кои е утврдена дискриминација?-Бројот на првостепени одлуки со кои не е утврдена дискриминација?- Бројот на правосилни одлуки со кои е утврдена дискриминација? -Бројот на правосилни одлуки со кои не е утврдена дискриминација?, а кои се однесуваат на 2017 година.

11. Барател: Македонско здружение на млади правници-Скопје - податок: 1.Број на обвинети лица на кои во 2017, 2016 и 2015 им бил поставен бранител по службена должност врз основа на член 74 став 6 од ЗКП вкупно по година и доколку расположливи поделени по: пол, етничка припадност, кривично дело за кое е обвинет/а;2. Број на обвинети лица на кои во 2017, 2016 и 2015 им бил поставен бранител по одбрана за сиромашни врз основа на член 75 од ЗКП вкупно по година и доколку расположливи поделени по: пол, етничка припадност, кривично дело за кое е обвинет/а;3.Број на адвокати кои од страна на Претседателот на судот во 2017 година биле поставени како бранители по службена должност и одбрана за сиромашни;4.Број на обвинети лица кои во текот на првостепената кривична постапка немале бранител во 2017.5.Број на странки на кои во 2017 и по нивно барање им е поставен полномошник(адвокат) врз основа на член 165 став 3 од ЗПП(Сиромашко право), вкупно и доколку

расположливо поделено по: пол, етничка припадност, вид на постапка.6.Број на странки кои биле ослободени од плаќање на трошоците на постапката во 2017, 2016 и 2015 врз основа на член 163 од ЗПП; 7.Вкупен број на судски толкувачи во 2017 поделени по категорија на лица со кои комуницира.

12. Барател: Коалиција сексуални и здравствени права на маргинализирани заедници Маргини Скопје - податок: 1.Колку правосилни пресуди има донесено Основен суд Кочани за сторено кривично дело Посредување во вршење проституција од член 191 од КЗ во периодот 2013-2018 година?Колку од осудените се жени, а колку мажи?

13. Барател: Здружение на граѓани Реактор-истражување во акција - податок: 1)Број на случаи со утврдена дискриминација по основ на род/пол од областа на работните односи, разделени по пол на странката-тужител и по пол на тужениот, за периодот од 2008-2018 година.2) Број на покренати постапки од областа на работните односи по основ на род/пол, разделени по пол на странката-тужител и по пол на тужениот, за периодот од 2008-2018 година.3) Број на поднесени тужби за вознемирување на работно место, разделени по пол на странката-тужител и по пол на тужениот, за периодот од 2008-2018 година.4) Број на поднесени тужби за дискриминација на работничка по основ на бременост, мајчинство и родителство.5) Број на случаи со утврдена дискриминација на работничка по основ на бременост, мајчинство и родителство.

14. Барател: Физичко лице - податок: 1.Број на (предмети) замолници и видови Кривични дела (за кои е поднесена замолница) од странска држава кон Р,Македонија, 2.Странска држава која поднела замолница кон РМ, 3. Број на (предмети) замолници и видови Кривични дела за кои е поднесена замолница од РМ кон странска држава, 4.Странска држава од која се бара меѓународна правна помош од страна на РМ, 5.Број на постапки во тек/ број на завршени постапки за меѓународна правна помош, 6.Временски период од приемот на замолницата/барањето до одговорот на државата, 7. Колку замолници за меѓународна правна помош или барања за меѓународна соработка во кривична метерија се поднесени кон РМ од страна на странска држава , од РМ кон странска држава за меѓународна соработка-преземање и отстапување на кривично гонење во периодот од 2016-2018 година? По колку од замолниците/барањата за преземање/отстапување на кривичното гонење е постапено и кои одлуки се донесени? За кои кривични дела? Колку од предметите/постапките се уште се во тек, а колку предмети се завршени? Временски период во кој одговорила замолената држава? Од кои/кон кои држави се поднесени барањата? 8. Колку замолници за меѓународна правна помош или барања за меѓународна соработка во кривична материја се поднесени кон РМ од страна на странска држава/ од РМ кон странска држава за меѓународна соработка-екстрадиција во периодот од 2016-2018 година? По колку од замолниците/барањата за екстрадиција е постапено, односно колку одлуки со кои се дозволува екстрадиција се донесени и за колку е одбиена екстрадицијата? За кои кривични дела е побарана екстрадиција, за кои е дозволена, а за кои е одбиена ? За кои кривични дела? Колку од предметите/постапките се уште се во тек, а колку предмети се завршени? Временски период во кој

одговорила замолената држава? Од кои/кон кои држави се поднесени барањата?

15. Барател: Институт за правни и полити;ки истражувања-Скопје - податок: 1. Колку вкупно постапки се поведени за кривични дела против изборите и гласањето во периодот од 30.09.2018-06.11.2018 година, за кои конкретни кривични дела и во која фаза се постапките? 2.Под кој број се заведени претходно наведените предмети?,

16. Барател: Центар за правни истражувања и анализи -Скопје - податок: -Електронска форма во ексел програма на сите спорови од мала вредност по кои постапувал Основен суд Кочани за годините 2015,2016 И 2017 година. Прегледот да ги содржи сите предмети кои се упишуваат во следните уписници МАЛВП, МАЛВТС, МАЛВПЛ1-П, МАЛВПЛ1-ТС, СТ-МАЛВП, СТ-МАЛВТС, при тоа податоците да бидат групирани во колони:1.Број на предмет 2.Датум на прием на предмет 3.Датум на решавње на предмет(датум на верификација) 4.Вредност на спорот 5.Основ на предметот 6.Број на одржани рочишта(број на процеси) 7.Вид на одлука(усвоено, одбиено, повлечено и др.)

17. Барател: Физичко лице - податок: тотално целосен материал во однос на малолетничка деликвенција во градовите Кочани, Делчево и Македонска Каменица, (број на сторители, кривични дела, мотиве итн).

3.Број на позитивно одговорени барања - 17;

4.Број на одбиени барања со наведување на причините за секое одбино барање - нема;

5.Број на вложени жалби против првостепени одлуки(решенија и заклучоци) на имателите на информации - нема;

6.Број на усвоени жалби со одлука на Комисијата - нема;

7.Број на преиначени првостепени одлуки по постапување на Комисијата - нема;

8.Број на одбиени жалби од Комисијата и причини за нивно одбивање -нема;

9.Број на отфрлени жалби од Комисијата и причини за нивно отфрлање - нема;

10.Број на случаи на молчење на Комисијата - нема;

11.Број на барања за поведување прекршочна постапка и поведени прекршочни постапки - нема;

12.Број и видови на изречени прекршочни санкции - нема;

13.Број на поведени управни спорови против конечната одлука на Комисијата - нема;

14.Број и список на донесени судски одлуки во кои тужбата на барателот во управниот спор е позитивно решена, како и наведување на причините на кои се темели одлуката на надлежниот суд - нема;

Во 2018 година се објавени 958 одлуки на WEB страната на судот.

Во 2018 година се објавувани соопштенија за јавност преку WEB страната на судот и тоа месечни извештаи за работата на судиите, годишен извештај за работа на судот, завршна сметка за 2018 година за судот и други известувања.

## 5. ИЗВЕШТАЈ ЗА ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА

- Во Основен суд Кочани се води исклучиво електронска евиденција на судски предмети и се спроведуваат сите постапки предвидени со Законот за управување со движење на предметите во судовите.
- Се врши тонско снимање на граѓански рочишта, согласно утврден распоред за користење на една судница која е опремена за вршење на тонско снимање.
- Се врши електронска достава на судски акти преку системот за електронска достава на судски документи
- Обезбеден е интернет пристап за корисниците заради електронска комуникација со институции
- Тековно се врши објава на судски одлуки на web страната на судот.
- Се врши одржување на постојните хардверски и софтверски системи
- Се врши back up на податоци согласно утврдени процедури.
- Се вршат интервенции во случај на настанати проблеми во врска со хардверски или софтверски компоненти
- Се врши скенирање на поднесоци преку Модулот за скенирање и електронски прием на скенирани поднесоци во АКМИС.
- ИКТ опремата во Основен суд Кочани делумно ги задоволува тековните потреби. Имено, најголем дел од хардверските компоненти се веќе амортизирани и со карактеристики кои не ги задоволуваат потребите за брзо и ефикасно завршување на тековните активности.
- Основен суд Кочани има во употреба три софтверски апликации и тоа: Автоматизиран компјутерски систем за движење на судски предмети – АКМИС, Автоматизиран буџетски менаџмент систем – АБМС, и Систем за тонско снимање на граѓански рочишта кој е инсталиран во една судница – SRS FEMIDA.

## ВООЧЕНИ ПРОБЛЕМИ

- Во Основен суд Кочани има технички проблем со Системот за тонско снимање SRS FEMIDA. Имено, софтверот функционира, но има проблем при снимањето на тонски и пишани записи од SRS FEMIDA на надворешен медиум односно CD. По доставените известувања за настанатите технички проблеми, имаше интервенција и сервисирање од страна на надлежна техничка екипа, но проблемот не се реши. Заради настанатиот проблем, тонско снимање на граѓански рочишта се врши во една судница која соодветно технички е опремена, но на присутните странки на рочишта им се доставуваат писмени записници наместо CD – иња

Меморискиот простор за зачувување на податоците на серверите во Основен суд Кочани е со недоволен капацитет и неопходно е надградба на истиот.

## 6. ИЗВЕШТАЈ ЗА ОПРЕМЕНОСТ И ОДРЖУВАЊЕ НА ЗГРАДАТА НА СУДОТ

Во Основниот суд Кочани има три судници од кои во едната се одржува расправа по граѓански предмети а другите две се користат за одржување на претреси од кривичната област. Поради немањето на доволен број на судници најголем дел од судењата особено по граѓанските предмети се одржуваат во канцелариите на судиите.

Значително олеснување претставува функционирањето на шалтерскиот систем, меѓутоа сеуште просторните услови во судот не задоволуваат, нема посебна просторија дактило биро за записничарите, нема посебна просторија за адвокати.

Во овој дел понатаму останува проблемот што во истата зграда е сместено и Основното јавно обвинителство и Државното Правобранителство кои заземаат влијателен дел од просториите.

За вршење на работа во судот има обезбедено информатичка опрема компјутери, печатари и истите се користат оптимално. Во најголем дел просториите се климатизирани.

- Во зградата има вградено алармни системи ДСЦ за кражба, аларм систем против пожар со автоматска дојава на пожар со сензорска детекција. Алармите се активни 24 часа, а исклучувањето и вклучувањето е со внесување на шифри.На секој спрат во зградата има вградено по 2 противпожарни хидранти.

-Тивок аларм во судници бр. 1, 2 и 3 кој се вклучува со допир на копче а дисплејот од алармите е исталиран во пријавница кај судска полиција.

-Судската зграда надворешно е осветлена со 4 рефлектори а дворната површина е заградена со бетонски зид и метална ограда во висина од околу 2 метра и има две капии со клизачи врати.

-Обезбедувањето во судската зграда го вршат 7(седум) припадници на судска полиција 6(шест) полицајци и 1(еден) командир на судска полиција.

-Од вооружување и опрема има 6 пиштоли марка чз со различен калибар од застарени модели, 6 палици, 6 лисици, 6 опасачи, 1 панцир и 1 шлем.

- Метал детектор ПИНПОИНТ ПД 6500 И статичен 1број, Рачни метал детектори 4 броја,од кои 3 броја марка ГАРЕТТ СУПЕР ВАНД и 1 број марка СУПЕР ОМНИ

- Видео надзор со 8 камери поставени 6 внатрешни и 2 надворешни, видеорекордер марка HIKVISION DS-722xx верзија, серија1.2.2. Видеорекордерот и мониторот се исталирани во Пријавница кај судска полиција.

Заради подобрување на безбедносната состојба потребно е:

Технички сервис и контрола од стручни работници повремено да извршуваат проверка на исправноста на алармните системи.

Поставување на сензори со светло на надворешниот дел од зградата.

Задолжување на службено огнено оружје и опрема на Командирот на судска полиција, бидејки се уште нема задолжено.

Задолжување со друго вооружување 7 пиштоли понови модели, автоматско оружје, нова целосна униформа и опрема за секој судски полицаец поради дотраеноста и застареноста на постоечката (облека, палици, опасачи, лисици ) согласно новите правилници за вооружување на судска полиција.

Нов статичен металдетектор и ренген за ташни, актовки, затворени кутии.

Поставување на метална рамка со две врати со чип на просторот помеѓу први и втори кат, со кое што просторот каде што се наоѓаат канцелариите на Претседателот на судот и судиите ке бидат крајно заштитени,зголемување на безбедноста на многу високо ниво, елиминирање на било каков ненајавен пристап на странки во просторот на судиските канцеларии .

7. ИЗВЕШТАЈ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ИЗВРШЕНИ И ПЛАНИРАНИ

1. Оглас бр.1/18
   - Предмет на набавка: Дел 1 – Набавка на тонери за принтери, трговска марка LEXMARK
     Избран добавувач: „Медиа Дизајн“ ДООЕЛ Штип
     Вредност на договорот: 5.360,00 денари без ДДВ
   - Дел 2 – Набавка на тонери за принтери, трговска марка HP
     Избран добавувач – „Медиа Дизајн“ ДООЕЛ Штип
     Вредност на договорот: 122.940,оо денари без ДДВ
     Дел 3 – Набавка на тонери за принтери и фотокопир, трговска марка Canon
     Избран добавувач: „Медиа Дизајн“ ДООЕЛ Штип
     Вредност на договорот: 3.700,00 денари без ДДВ
     Дел 4 – Набавка на тонери за принтери и фотокопир, трговска марка XEROX
     Избран добавувач: „Медиа Дизајн“ ДООЕЛ Штип
     Вредност на договорот: 24.390,00 денари без ДДВ
     Дел 5 – Набавка на филм за телефакс, трговска марка Panasonic
     Избран добавувач: „Медиа Дизајн“ ДООЕЛ Штип
     Вредност на договорот: 1.300,00 денари без ДДВ

2. Оглас бр.2/18
   Предмет на набавка:
   - Дел 1 – Фотокопирна хартија и пликови
     Избран добавувач: ДПТУ РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани
     Вредност на договорот: 4.450,00 денари без ДДВ
   - Дел 2 – Печатени материјали
     Избран добавувач – „УНИ КОНЗУМ“ ДООЕЛ ТДВИЛ Кочани
     Вредност на договорот: 18.267,оо денари без ДДВ
     Дел 3 – Канцелариски прибор
     Избран добавувач: ДПТУ РИКИ-ЈУНИОР ДООЕЛ увоз-извоз Кочани
     Вредност на договорот: 28.695,00 денари без ДДВ

3. **Оглас бр.3/18**
   **<u>Предмет на набавка</u>: масло за горење – екстра лесно 1 (ЕЛ-1)**
   **<u>Избран добавувач</u>: ДПТУ Пуцко Петрол увоз-извоз ДООЕЛ с.Пласница**
   **<u>Вредност на договорот</u>: 461.800,оо денари без ДДВ**

**8.ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТ НА СУДОТ И ФИНАНСИСКА АНАЛИЗА**

**1.Направени трошоци на судот во споредба со планираниот буџет:**

Во периодот од 01.01.2018 до 31.12.2018 направени се материјални трошоци во вкупен износ од 4.110.092,00 денари. Во споредба со планираниот буџет за 2018 не ги надминува планираните (одобрени од Судски Буџетски Совет и Министерство за Финансии) за 381.492,00 ден..

Планираните,односно одобрени средства за 2018 година се 4.450.834,00 денари од кои 4.069.342,00 се буџетски средства на буџетската сметка на судот како и 40.750,00 денари одобрени од сметката на сопствени приходи.

**2.Финансиската анализа за направените трошоци,задолженост на судот,реализација на план за отплата на долговите.**

Судот во 2018 има пренесени обврски од изминати години по основ на материјални трошоци во вкупен износ од 1.339.254,00 денари.Дел од овој долг е намирен во тековната година,така што заклучно со 31.12.2018 вкупните ненамирени обврски по основ на материјални трошоци изнесуваат 712.579,00 денари вклучувајќи ги и неизмирените обврски од 2017. Најголемиот долг судот имаше према Универзитетска клиника за психијатрија во износ од 531.000,00 денари.Овој долг е отпишан по основ на правосилна одлука на комисија за попис ,каде е констатирано застареност на побарувањата спрема овој комintент. Истиот сметководствено е прокнижен.Како постари побарувања се на Бирото за судски вештачења износ од 568.000 денари, и по овој долг се води судска постапка. Овој долг се однесува на побарувања до 2013 година.

Се планира дел од неизмирените обврски во координација со Судски буџетски Совет да се намалува.

**Основен суд Кочани,20.02.2019 година.**

**Претседател на судот,**
**м-р. Дарко Ристов**